**Center for Research and Policy Making**
Mirche Macan bb
1000 Skopje, Macedonia
Web: www.crpm.org.mk
Phone:+389 2 3216 646
Fax:+389 2 3216 645
E-mail: crpm@crpm.org.mk

Центар за Истражување и Креирање Политики
Ристе Змејкоски
Т/Ф: +389 2 3216 646/ 645
E: zmejkoski@crpm.org.mk

## СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

**-18.06.2008**

# Анкета: Промена на име за влез во НАТО(стр.1) и признавање на Косово(стр.2).

Македонските граѓани се се повеќе рамнодушни кон прашањето -**Дали се согласувате Македонија да го промени своето име за да биде членка на НАТО?** Според последната анкета на Центарот за Истражување и Креирање Политики на ова прашање **52,8% од испитаниците одговориле со Не, за разлика од 36% кои одговориле со Да и 11,3 со Не знам.** Споредено со претходните анкети на Центарот на истото прашање во почетокот на март 83% од испитаниците не дале поддршка за промена на името, а во средината на април 60% од населението во Македонија не се согласило за било каква промена на име.




Сеуште постои драстична разлика во мислењето по ова прашање помеѓу македонците и албанците. Според најновата анкета **95% од албанците би се согласиле Македонија да го промени уставното име доколку е потребно за да биде членка на НАТО.** Така би постапиле и 12% од македонците, 52,4% од турците, 44,4% роми и 33,3% срби. Спротивно на ова **75,1% од македонците се против промена на името**, а таквиот став го поддржуваат и 23,8% турци, 37,1% роми, 22,2% срби и само 0,7% албанци. Слични се резултатите во континуитет со таа разлика што поголемиот дел од малцинствата во Р.М. , освен албанското, претходно беа против промена на името. Според резултатите од претходните анкети може да се забележи дека кај албанското население има постојан континуитет во позитивниот став за промена на името за влез во нато. Во март 52% од албанците биле согласни за промена на име, во април 94%, а сега 95%. Кај македонците пак се бележи пад во подршката за зачувување на името. Ако во март 95% биле против промена, во април 80% од македонците се против за во јули подршката против промена на името кај македонците да падне на 75%

**Center for Research and Policy Making**

*Mirche Macan bb*
*1000 Skopje, Macedonia*
*Web:* **www.crpm.org.mk**
*Phone:+389 2 3216 646*
*Fax:+389 2 3216 645*
*E-mail:* **crpm@crpm.org.mk**

Речиси непроменето останува мислењето по прашањето- **Дали Македонија треба да го признае Косово како независна држава ?** Според најновата анкета **40,1% од испитаниците одговориле со Да, 43,3 рекле Не и 11,3% од испитаниците одговориле со Не знам**. Од претходните истражувања по ова прашање кои ги има спроведено Центарот за Истражување и Креирање Политики, во мај 41,4% одговориле Да, 34,1 Не и 24,5 не знаеле. Во март 45% од граѓаните на Република Македонија не се согласиле да се признае Косово како независна држава. Од нив, 35% одговориле со Да, а 19% рекле не знам или немале став по прашањето.




Непроменета е големата **согласност кај албанците по ова прашање**. Во сите истражувања таа варира околу **95%** од испитаниците албанци.

Македонците во поголем број не се согласуваат со признавањето на Косово. Според последната анкета **61% од македонците одговориле со Не** на ова прашање додека 15,4% со Да и 23,6% со Не знам. Според претходните истражувања во мај 47% од нив биле против, 20,3% за а 32,5% од испитаниците не знаеле. Во март 60% од анкетираните одговориле негативно, а 16% се согласиле со признавањето.

Најновата анкета на Центарот е спроведена во месец јуни на репрезентатитвен примерок од 1100 испитаници со запазени етнички, полови и критериуми по регионална припадност.

Сите истражувања се достапни на нашата интернет страна: www.crpm.org.mk

Повеќе информации може да добиете на следниве контакти:

Центар за Истражување и Креирање Политики +389 2 3216 646
Др.Жидас Даскаловски +389 70 231 949
Башким Бакиу +389 70 226 127